Трајче Нацев, Универзитет “Гоце Делчев”  Штип

Душко Цветанов, Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица

**Абстаркт**

## Доцноантички и средновековни хипокаустични системи во Република Македонија

Хипокаустот, како систем за затоплување на просториите, пронајден е во први век пред н.е. и истиот се користи се до средниот век. Во римскиот период, хипокаустот бил користен и како систем за вентилација. На територијата на Република Македонија, хипокаустичникот систем, во римскиот, доцноантичкиот и средновековниот период, се користи  за затоплување на просториите во бањите.

Во доцноантичкиот период, на голем број археолошки локалитети на територијата на Република Македонија (Баргала, Скупи, Стоби, Виничко Кале и други), откриени се хипокаустични системи. Традицијата на градење на бањи со хипоауст продолжува и во средновековниот период, засега единствен пример е средновековната бања во Водоча – Струмица.

**Клучни зборови:** доцноантички, средновековни, бања, хипокауст, систем, под, столбци.